Врз основа на член 25 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, согласно член 74 од Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија (бр. 07-1177/8 од 20.04.2011 година, бр. 07-3479/8 од 15.12.2011 година и бр. 02-2088/7 од 15.12.2016 година) и доставениот Предлог за изменување и дополнување на Правилата за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, бр. 68-12/4 од 21.03.2017 година, Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 11.04.2017 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за изменување и дополнување на Правилата за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија

### Член 1

Во Правилата за трошоците во постапката пред Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанска комора на Македонија, бр. 02-2087/3 од 15.12.2016 година, во членот 5, по ставот 1, се додава нов став (2), кој гласи:

„По исклучок, кога вкупниот износ на авансот на трошоци на постапката определен согласно со членот 4 од овие Правила надминува износ од 25.000 евра, за покривање на авансот, странката може да достави банкарска гаранција. Банкарската гаранција треба да биде издадена од било која домашна банка или од странска првокласна банка, да биде безусловна, неотповиклива и наплатлива на првиот повик упатен од страна на Претседателот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Република Македонија.“

Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4), (5), (6) и (7).

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 02-585/4
11.04.2017 година
С к о п ј е

Претседател,
Бранко Азески

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ